НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Macedonian Evaluation Network

HEval Hrvatsko evaluacijsko društvo

Erasmus+

ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ВЕШТИНИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (M&E) ЗА ЈАВНИ АДМИНИСТРАТОРИ И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

ПОКАНА

Македонската мрежа за евалуација (MEN), во партнерство со Хрватското друштво за евалуација (HEVAL), ги поканува заинтересираните службеници вработени во јавни и државни институции, на национално и локално ниво, да аплицираат и да учествуваат во оваа 3-дневна програма за обука за мониторинг и евалуација (M&E), како дел од циклусот за управување со политики, програми и проекти.

Вкупно ќе се одржат 4 обуки, две во Скопје и по една во Куманово и Тетово.

Цели и намена:

Главните цели и намена на оваа обука се да се подобри капацитетот за следење и евалуација на јавните администратори и државните службеници во системско разбирање и практични вештини за следење и евалуација со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на политиките, програмите и проектите во јавниот сектор. Преку размена на искуства и трансфер на знаење помеѓу земјите - членки на ЕУ и земјите кандидати а во врска со меѓународните стандарди за мониторинг и евалуација и стандардите на ЕУ, институциите во Северна Македонија ќе се подготват за идното користење на структурните фондови на ЕУ штом ќе започне процесот на преговори.

Придобивки за учесниците:

Главната придобивка од обуката е стекнатото знаење кое е веднаш применливо за разбирањето и управувањето со грантови од меѓународни и претпристапни фондови на ЕУ, како и од различни национални извори на финансирање. Примената на M&E во јавниот сектор промовира отчетност и подобро донесување одлуки преку подобрени практики за управување со проекти и програми, обезбедувајќи поголем фокус на резултатите и поефикасно користење на јавните ресурси.

Сите учесници ќе добијат сертификат за присуство по завршувањето на програмата за обука.

Обуката ќе ја врши комбиниран тим од хрватски и македонски експерти на хрватски и македонски јазик. Кусите биографии на обучувачите ќе ги најдете на нашата интернет страна www.men.mk.

Funded by the European Union

Од редот на државните/јавните службеници, учесници на обуката, ќе биде избрана група од 10 членови за 3-дневно студиско патување, со кое ќе ги посети хрватските институции релевантни за системот за мониторинг и евалуација во земјата.

Кој може да се пријави на обуката:

- Јавни службеници на локално и национално ниво
- Државни службеници
- Професионалци од јавниот и граѓанскиот сектор вклучени во управување со проекти, евалуација и мониторинг

Програмата се состои од следниве модули:

Модул 1: Вовед во клучните концепти и стандарди за мониторинг и евалуација
Модул 2: Национални системи за планирање, мониторинг и евалуација
Модул 3: Програми на Европската Унија кои ги поддржуваат владините институции
Модул 4: Методологии за мониторинг и евалуација и имплементација
Модул 5: Спроведување на мониторинг и евалуација во владините институции

Локации и датуми на обуката:

1. Скопје (Обука 1) 08-10 јули 2025
2. Скопје (Обука 2) 08-10 јули 2025
3. Куманово (Обука 3) 14 – 16 јули 2025
4. Тетово (Обука 4) 14 – 16 јули 2025

За местото на одржување на обуките ќе бидете дополнително известени!

Линк до пријавата за обука: https://forms.gle/eQE8gN4LB9GPtXTp8

Кликнете на линкот да се пријавите за обуката преку Google form.

Контакт:

Македонска мрежа за евалуација (MEN)

Е-пошта: men@men.mk

Веб-страница: www.men.mk

Funded by the European Union